**20190440723**

**ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 29 и член 56 став 1 точка 3 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/10, 156/10, 53/11, 26/12, 16/13, 91/13, 187/13, 43/14, 44/14, 97/14, 112/14, 113/14, 188/14, 20/15, 61/15, 98/15, 129/15, 150/15, 154/15, 192/15, 217/15, 27/16, 37/16, 120/16,142/2016 и 171/2017), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на седницата одржана на 31 јануари 2019 година, донесе

**ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ОСТВАРУВАЊЕТО НА ПРАВАТА И ОБВРСКИТЕ ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНОТО ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ**

Член 1

Во Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број18/2015, 64/2015, 96/2015, 125/2015, 191/2015, 187/2016 и 146/2018) во членот 59 ставот 3 се менува и гласи:

„Избраниот гинеколог издава на осигуреното лице на пропишан образец упат ЛУ1-в, за утврдување на хормонски статус, тумор маркери и OGTT (орален гликоза толеранс тест).“

Во членот 59 став 6 по зборот „лекар“ се додаваат зборовите „или фармацевт“.

Член 2

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство.

Бр. 02 – 1824/3
1 февруари 2019 година
Скопје

Претседател
на Управен одбор,
д-р **Ридван Асани,** с.р.